Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
MUZEU I PËRGJITHSHËM NATYROR
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 08-103/1
19.03.2024 год.-viti

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

ОБРАЗЕЦ ЗА НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТИ ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО 2023 ГОДИНА ЗА НАЦИОНАЛНИ УСТАНОВИ И ЗА ДРУГИ КОРИСНИЦИ		
1. Корисник: Назив на Националната установа / Име и презиме / Назив на правното лице		
НУ„Природонаучен музеј на Република Северна Македонија"-Скопје		
Адреса: Бул. Илинден бр. 86, 1000 Скопје		
Телефон: 02/3117-669		
Е-адреса: contact@musmacscinat.mk		
Веб-страница: musmacscinat.mk		
Име и презиме на лицето за контакт (за Националната установа /правно лице): м-р Биљана Гаревска, ВД Директор		
2. Наслов на проектот		
Истражувачки активности на Мариово и на Кратовско-злетовската вулканска област		
3.1. Дејност (се означува со (X))	( ) визуелни уметности, архитектура и дизајн ( ) музика и музичко-сценска дејност ( ) фолклор и сценско-уметничка дејност (X) музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство ( ) недвижно културно наследство и заштита на аудиовизуелни добра	( ) драмска дејност ( ) литература и издавачка дејност ( ) интердисциплинарни проекти ( ) меѓународна дејност ( ) библиотечна дејност
4. Вкупен буџет на проектот (како 4. во финансискиот план, сите трошоци за проектот покриени со средства од МК и од други извори на финансирање)		50 000 денари
5. Вкупно средства одобрени од МК		50 000 денари
6. Вкупно средства обезбедени од други извори		/ денари

7. Место (простор), град, држава на реализација на проектот	8. Време (период, датум) и времетраење (во денови) на проектот
околината на с.Дуње, с.Алинци, с.Чаниште и с.Прилепец, областа Тополчани и на сипарите на рудникот Сивец	од 13.07 до 16.07.2023 год. / 4 денови
с. Стрмош како и на планинскиот предел Плавица	од 20. 09 до 21.09.2023 год. / 2 дена
9. Автор(и) на проектот (да се наведе име и презиме и тип на автор)	

Билјана Карамачоска-виш кустос, геолошки инженер

10. Други соработници вклучени во проектот (да се наведе име и презиме и тип на соработник)

Ивица Заркадов-лаборант во одделението за геологија и палеонтологија и Ванчо Георгиевски – технички персонал.

11. Наративен извештај (краток опис на реализираните активности, постигнатите резултати (квантитативни, како број на продукти, број на публика и сл., како и квалитативни), како и осврт кон/образложение за можните отстапувања во реализацијата на планираните активности)

Истражувачката теренска активност од областа геологија се одвива континуирано а со тоа и колекционирање на редок и интересен материјал на минерали и карпи, на локалитети присутни во државата. Локалитетите во Кратовско-злетовската вулканска област и на Пелагонискиот масив претставуваат едни од најмаркатните области на Балканот богат со атрактивен материјал, со разнообразие и распространетост на минерални парегенези и минерали.
За реализирање на проектот побарано е 167 000 денари одобрени од Мин. за култура се вкупно 50 000 денари.

Во периодот од 13.07-16.07.2023 год. се посетија повеќе локалитети во Пелагонискиот прилепски дел, како што се: околината на с.Дуње, с.Алинци, с.Чаниште и с.Прилепец, областа Тополчани и на сипарите на рудникот Сивец. Резултатите добиени од овие теренски истражување а на кои се колекционираа следниве музејски примероци: рутил, титанит, мусковит, калцит, кварц, епидот, гранат, арфедсонит, флуорит, кианит, микроклин, амазонит... ќе допринесат за реализација на тематската изложба за Пелагонискиот регион, планирана преку проект од национален интерес во културата за 2024 год., согласно годишната програма а во функција на развојот, афирмацијата и промоција на културата и геологијата како наука за Земјата. Вид на финанскиски трошоци при реализација на теренските истражувања од Пелагонискиот прилепски дел е следново: хотелско сместување- ноќевање со вкупен износ од 18 900 денари, 3 300 ден. за гориво, 360 ден. за патарина и е исплатен теренски додаток од 16 740 ден.

На ден 20-21.09.2023 год. реализирани се и теренски истражувања на Кратовско-Пробиштипскиот регион во околината на с. Стрмош како и на местото наречено Плавица. Кратовската-Злетовска рудна област е старо рударско подрачје на кое се присутни металични минерални суровини. На планинскиот предел Плавица се јавува комплексна структура на терциерни вулкански седименти карпи. Вулканизмот во овие простори се случил пред 32-16 милиони години. Датирањето на вулканизмот е потврден и според радиометриски метод на пресметувања од Карамата, (1992) и Думурџанов (2004). Типови на карпи најдени таму а се колекциони и подлежат на понатамошна обработка се: вулкански туф, бреча, пирокластичен материјал и кварцлатит. Колекционирани се и минералите: малахит и азурит. При тоа потрошени се следните финансиски средства: 2000 ден. за гориво, патарина 320 ден. и 6090 ден за хотелско сместување-ноќевање.
При реализација на проектот набавена е и хартија за печатење со вкупен износ од 1000 денари.
Проектот се реализираше од страна на вишиот кустос, геологот Билјана Карамачоска заедно со Ивица Заркадов-лаборант во одделението за геологија и палеонтологија и Ванчо Георгиевски – технички персонал. При реализација на проектот музејскиот фонд на геолошки материјал е зголемен но истиот потребно е да се доистражи, детерминира и да се внесе во електронската инвентарна книга на музејот а воедно ќе допринесе за реализација на тематската изложба која е планирана за 2024 година. Истиот е природна реткост и претставува културно наследство на нашата држава.

Забелешка: Во прилог се доставуваат и дополнителни материјали (печатени материјали, примероци на публикации, аудиозаписи, фото- и видеодокументација и сл.), кои ќе посведочат за реализацијата на проектот.

12. Финансиски извештај за трошоците што се покриени со средствата одобрени од Министерството за култура (задолжително изразени во денари)			
Бр.	Опис на трошокот (патни/транспортни трошоци, дневни трошоци, трошоци за сместување, организациски трошоци, авторски надоместоци, печатење и друго; по потреба, дополнете ја табелата со нови редови)	Исплатени (трошоци реализирани со средствата од МК што се исплатени досега)	Неисплатени (обврски)
1.	Хотелско сместување/ ноќевање	24 990 ден.	10 ден
2.	Патарини	680 ден.	20 ден
3.	Гориво	5 300 ден.	/ ден
4.	Теренски додаток	16 740 ден.	1260 ден
5.	Канцелариски материјал/хартија за печатење	1 000 ден.	/ ден
6.			
7.			
8.			
9.			
10.			
Вкупно		**48 710 ден.**	1290 ден.

13. Расходи за трошоците што се покриени со средствата обезбедени од други извори на финансирање (задолжително изразени во денари)		
Бр.	Опис на трошокот (патни/транспортни трошоци, дневни трошоци, трошоци за сместување, организациски трошоци, авторски надоместоци, печатење и друго; по потреба, дополнете ја табелата со нови редови)	Износ (вкупни трошоци)
1.		
2.		
3.		
4.		
5.		
6.		
7.		
8.		
9.		
10		
Вкупно		

Забелешка: Во согласност со Договорот за финансирање проект од национален интерес во културата за 2023 година, во прилог кон Финансискиот извештај се доставуваат сите релевантни документи со кои се потврдуваат наведените трошоци.

Министерството има право да побара дополнителни материјали и докази за проверка на Извештајот и корисникот е должен да му овозможи на Министерството целосен и непречен увид во документацијата и реализацијата на проектот.

Датум: 06.02.2023 год.	Корисник (име и презиме на одговорното лице): м-р Биљана Гаревска, ВД Директор
	Потпис и печат